**ВЛАДА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**

**АГЕНЦИЈА ЗА УПРАВУВАЊЕ СО ОДЗЕМЕН ИМОТ**

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА - REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
АГЕНЦИЈА ЗА УПРАВУВАЊЕ СО ОДЗЕМЕН ИМОТ
AGJENSIONI PËR ADMINISTRIM ME PRONËN E KONFISKUAR
Бр.-Nr. 01-3575/1
19.08. 2025 год.-viti
СКОПЈЕ - SHKUP

# ПЛАН ЗА РАБОТА НА АГЕНЦИЈАТА ЗА УПРАВУВАЊЕ СО ОДЗЕМЕН ИМОТ ЗА 2026 ГОДИНА

**АВГУСТ 2026, СКОПЈЕ**

# 1. Вовед

Согласно член 8 од Законот за управување со конфискуван имот, имотна корист и одземени предмети во кривична и прекршочна постапка (*) („Службен весник на РСМ“ бр. 64/2024, 37/25, 86/25, 101/25 и 135/25), Управниот одбор на Агенцијата за управување со одземен имот го усвојува Планот за работа за 2026 година.

Агенцијата за управување со одземен имот (АУОИ) е формирана во 2008 година, а со практична работа започна во 2009 година како самостоен правен субјект. Нејзините надлежности се јасно определени со Законот и ги опфаќаат сите фази на управување со одземениот и конфискуваниот имот – од моментот на негово привремено одземање, па сè до трајното располагање со истиот врз основа на правосилна одлука донесена во кривична или прекршочна постапка. Органи на Агенцијата се директорот и Управниот одбор, кој брои седум члена избрани на мандат од пет години (УО - без право на повторен избор). За спроведувањето на своите активности, Агенцијата одговара пред Владата на Република Северна Македонија.

АУОИ продолжува да ја извршува својата стратешка улога во системот на борба против организиран криминал и корупција, преку обезбедување на ефикасно управување со конфискуваните добра. Планот за 2026 година е насочен кон модернизација на постоечките процеси, одржување и зголемување на вредноста на одземениот имот, како и кон обезбедување стабилни приходи за државниот буџет.

Со целосното спроведување на новиот Закон за управување со одземен имот од 2024 година и неговите измени и дополнувања во 2025 година, во текот на 2026 година ќе се работи на унапредување на институционалните, техничките и просторните капацитети, во согласност со европските стандарди и добри практики.

Агенцијата за управување со одземен имот и во 2026 година ќе продолжи активно да ги извршува надлежностите предвидени со Законот за управување со конфискуван имот, имотна корист и одземени предмети и да постапува со одземениот имот согласно начелата на добар домаќин и добар стопанственик, начелата на законитост, ефикасност, економичност, транспарентност, одговорност, стручност, професионалност и ажурност.

Агенцијата за управување со одземен имот во иднина ќе продолжи да управува со конфискуваниот имот и имотна корист како принос од казнено дело и одземените предмети како и навремено и целосно постапување по правосилните пресуди за конфискација на имот и имотна корист, ефикасно управување, продажба и остварување на приходи во Буџетот на Република Северна Македонија, согласно чл.7 од Закон за управување со конфискуван имот,имотна корист и одземени предмети во кривична и прекршочна постапка (*) („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.64/24, бр.37/25, бр.86/25 и бр.101/25 и 135/25.

Агенцијата ќе продолжи да воспоставува систем на одговорна и отчетна државна служба пред граѓаните и Владата на Република Северна Македонија, во однос на управувањето, отстапувањето и и продавањето на конфискуваниот имот, имотна корист и одземени предмети.

Со сите расположливи капацитети ќе ги спроведува надлежностите согласно законот со кои значително се зголемија обврските , за што апелираме во соработка со Владата на Република Северна Македонија да се разгледа можноста да се зголемат пред се човечките и просторните капацитети со цел ефикасно управување со одземениот имот, соодветно сместување и складирање, пред се успешна продажба на имотот со цел зголемување на приходите во Буџетот на Република Северна Македонија.

Имено во рамките на своите ограничени кадровски и технички капацитети Агенцијата ќе продолжи да управува со конфискуваниот имот, имотната корист и одземените предмети,со согласност на судот и другите надлежни органи кои одземаат имот управуваше со привремено конфискуваниот имот и имотната корист и привремено одземените предмети со цел да се заштити вредноста на имотот.

-Да ја спроведува постапката за извршување на конфискацијата на имот и имотна корист при што беа конфискувани недвижности, пари од сметки, возила итн.

- Агенцијата ќе спроведува постапка за отстапување на привврвремено и конечно на одземен имот.

- Агенцијата ќе спроведува постапки за продажба на конечно одземен имот со правосилна одлука.

- Агенцијата во рамките на своите просторни можности ќе продолжи да го чува и складира одземениот имот во магацините во КПУ Идризово, плацот во Миладиновци, магацинот во Тетово за одземен имот, плацот во Гевгелија, магацинот во Славија и магацинот во Ѓорче Петров, за што би сакале да потенцираме и во овој План дека наведените магацини не се доволни за складирање на целокупниот одземен имот во кривична и прекршочна постапка за што Агенцијата ја извести Владата на Република Северна Македонија.

-Во соработка со Министерството за правда-Бирото за процена ќе се врши проценка на одземениот имот со цел истиот да се продава или отстапува,

-Евиденција на целокупниот одземен имот за кој има добиено известување од органот кој го одзема привремено или со правосилна пресуда или решение,

-Ќе врши продажба на одземениот имот,

-Ќе врши други работи утврдени со закон.

-Ќе изготвува статистички, финансиски, квартални,годишни и друг вид на извештаи за работа и извештаи за одземен имот.

-Агенцијата за управување со одземен имот ќе продолжи да учествува во работата на АД Славија извоз- увоз Скопје како мнозински акционер во друштвото. Агенцијата преку свои претставници, именувани од директорот редовно ќе учествуваа на одржаните собранија на акционери и активно ќе учествуваа во донесување на одлуките во врска со работењето на друштвото.

-Согласно налозите и задолженијата од правосилните пресуди во делот на конфискацијата на противправно стекната имотната корист како принос од кривично дело, Агенцијата за управување со одземен имот ќе продолжи да изврши наплата на противправно стекната имотна корист , кои средства согласно закон се уплатени во Буџет на РСМ.

Агенцијата за управување со одзмен имот активно работи и се заложува за:

- Изградба на современ магацински центар за складирање и управување со одземен имот, со површина од 30.000 м², вклучувајќи специјализирани магацини, катна гаража и еко-решенија.

- Набавка на интегриран ИКТ систем за евиденција, следење и управување со одземениот имот, со цел зголемување на транспарентноста и ефикасноста.

- Обнова на техничката опрема и инфраструктурата на Агенцијата, вклучувајќи возила, ИТ опрема и безбедносни системи.

Овие иницијативи се во согласност со реформската агенда на Владата и се поддржани преку инструментот за реформи и раст, кој беше ратификуван од Собранието во јануари 2025 година

Со цел да се обезбеди навремено исполнување на обврските од Планот за раст и националните стратешки документи, неопходно е:

- Министерството за финансии итно да даде согласност за потребните нови вработувања.

- Да се обезбеди финансиска поддршка за набавка на Е-регистарот
- Да се обезбеди финансиска поддршка за изградба на нови магацински капацитети.

Агенцијата останува посветена на унапредување на транспарентноста, ефикасноста и одговорното управување со одземениот имот, во интерес на правдата и јавниот интерес.

Во наведениот период, Агенцијата ќе оствари интензивна и координирана соработка со:

- Министерството за внатрешни работи,
- Јавното обвинителство на Република Северна Македонија,
- Управата за финансиска полиција,
- Царинската управа,
- Управата за јавни приходи,
- Судовите,
- Министерството за правда,
- Други надлежни институции

Во согласност со Реформската агенда 2024–2027 и Планот за раст, Агенцијата за управување со одземен имот има обврска да спроведе три стратешки активности:

1. Целосно екипирање на Агенцијата (до јуни 2025),
2. Набавка и имплементација на електронски регистар (до март 2026),
3. Изградба на магацини за одземен и конфискуван имот (до крај 2026).

## 2. Основни цели на Акцискиот план за 2026 година

- Подобрување на системот за конфискација и управување со имот и предмети, со цел поголема ефикасност и транспарентност.
- Зголемување на буџетските приходи преку поефикасна продажба и управување со конфискуваните средства.
- Јакнење на меѓународната соработка и размена на информации со сродни агенции и институции.
- Подигнување на нивото на безбедност и заштита на одземениот имот.
- Континуирано стручно усовршување и професионализација на вработените во Агенцијата.

## 3. Стратешки области и задачи

### 3.1 Управување со конфискуван имот и одземени предмети

**Цел:** Ефикасно, безбедно и транспарентно управување со одземените добра.
**Активности:**

- Спроведување редовни контроли и ревизии на одземениот и конфискуваниот имот.

- Развивање и целосно користење на електронскиот регистар за евиденција.
- Изготвување на стандардизирани протоколи за управување и одржување.

### 3.2 Продажба на конфискуван имот и одземени предмети

**Цел:** Поголема ефикасност, транспарентност и конкурентност во процесот на продажба.
**Активности:**

- Организирање на електронски јавни аукции со современи дигитални решенија.
- Подготвување редовни извештаи за резултатите од продажбата.
- Усогласување на процедурите со европските стандарди и добри практики.
- Реализација на социјална пренамена на соодветен имот.

### 3.3 Превенција на нелегален имот

**Цел:** Превентивно делување и отстранување на нелегално стекнати добра.
**Активности:**

- Спроведување заеднички акции со други институции во фазата на „пре-сезија“ (планирање пред одземање).

### 3.4 Меѓународна соработка и учество во иницијативи

**Цел:** Активно присуство и размена на искуства на меѓународно ниво.
**Активности:**

- Потпишување нови меморандуми за соработка со сродни агенции.
- Учество на меѓународни обуки, конференции и мрежи (БАМИН, RAI, UNODC, ОБСЕ, ГИЗ, IPA програми и др.).

### 3.5 Прочистување и уништување на одземени предмети

**Цел:** Безбедно и контролирано уништување на предмети што не можат да се продаваат.
**Активности:**

- Организација на редовни акции за уништување на дрога, оружје, фалсификати и друго.
- Применување унифицирани процедури за уништување.
- Селекција и продажба на хаварисани возила како старо железо

## 4. Капацитети и стручно усовршување

**Цел:** Јакнење на институционалните и човечките капацитети.
**Активности:**

- Воведување на редовни интерни и екстерни обуки за сите вработени.
- Организирање семинари со странски експерти во областа на конфискација и управување со имот.
- Заеднички обуки со Јавното обвинителство, истражни органи и судовите.
- Јакнење на меѓуинституционалната координација со АРО канцеларијата и други тела.

**5. Мониторинг и извештаи**

**Цел:** Поголема отчетност и транспарентност.
**Активности:**

- Изработка на годишни извештаи за постигнатите резултати.
- Редовно информирање на Управниот одбор и Владата за управувањето со имот.
- Применување нови методологии за мерење на ефикасноста.
- Објавување извештаи и информации на официјалната веб-страница.

**Мерки за одговорно и ефективно управување**

**M1:** Зајакнување на улогата на Управниот одбор (7 члена со петгодишен мандат).
**M2:** Донесување и примена на подзаконски акти, усогласени со ЕУ директивите.
**M3:** Кадровско екипирање и техничко опремување согласно Реформската агенда.
**M4:** Воспоставување и користење на електронскиот регистар за одземен имот.
**M5:** Пристап до бази на податоци на други институции преку интероперабилност.
**M6:** Подобрување на просторните капацитети за складирање, со стандарди на ЕУ.
**M7:** Унапредена меѓуресорска координација преку заеднички работни групи.
**M8:** Продлабочена меѓународна соработка преку БАМИН и други мрежи.
**M9:** Јавна достапност на информации преку електронскиот регистар и веб-страницата.

**Посебна цел: Социјална пренамена на имот**

- **M1:** Донесување подзаконски акти за распределба на имот за социјални потреби.
- **M2:** Подигнување на јавната свест и вклучување на граѓанскиот сектор во процесот.

**6. Заклучок**

Акцискиот план за 2026 година претставува основа за понатамошен развој на Агенцијата за управување со одземен имот. Спроведувањето на планираните активности ќе придонесе кон:

- Поголема ефикасност и транспарентност,
- Јакнење на институционалните и човечките капацитети,
- Подобрување на системот за управување со одземен имот,
- Поголема социјална корист преку пренамена на дел од имотот.

Овие мерки ќе овозможат Агенцијата да ја исполни својата улога како клучен државен механизам во борбата против криминалот и корупцијата, а истовремено да обезбеди значајни економски и општествени придобивки за државата.

## АКЦИСКИ ПЛАН 2026

Акцискиот план ја утврдува рамката за реализација на приоритетите и ги опфаќа:

- Конкретните мерки и активности што ќе придонесат за исполнување на општите и специфичните цели во рамки на приоритетните области;
- Агенцијата (АУОИ) како носител институција задолжена за имплементација, како и останатите релевантни органи кои ќе учествуваат во спроведувањето;
- Временската динамика преку определување на почетен и завршен квартал во текот на 2026 година за реализација на секоја активност;
- Проценетите финансиски средства потребни за спроведување и изворите на нивно обезбедување;
- Индикаторите за мерење на резултатите, дефинирани на три нивоа: резултат (мерки), исход (специфична цел) и ефект (општа цел).

| III. ПРИОРИТЕТНА ОБЛАСТ:<br>Управување со одземениот и конфискуван имот, вклучително и негова повторна употреба за социјални цели | |
|---|---|
| **Општа цел:**<br>**Зачувување и одржување на вредноста на привремено одземен и конфискуван имот** | **Показател на ефект**<br>**Процент на поврат на одземен и конфискуван имот преку продажба, отстапувања, уништување или враќање на сопственикот** |
| **Посебна цел 3.1**<br>**Зајакнување на капацитетите и поголема ефикасност на Агенцијата за управување со одземен имот** | **Показател на исход:**<br>Зголемување на нивото на севкупниот процес на менаџмент: физичко преземање на запленетиот имот и нивен превоз, увид и проценка, складирање и успешно одржување и сочувување на вредноста на одземениот (привремено и конечно) и конфискуван имот, зголемување на приходот од продажби и пасивниот приход од остварени бесплатни отстапувања. |

| **Мерки** | **Активности** | **Водечки орган Други органи** | **Почетен датум (квартал)** | **Планиран датум на извршување (квартал)** | **Проценка на потребните средствата** | **Извор на финансирање** | **Показател на резултат** (поврзан со мерката/активноста) |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **3.1.1. Утврдување на правната рамка која ќе обезбеди ефикасна имплементација на Законот за управување со конфискуван имот, имотна корист и одземени предмети во кривична и прекршочна постапка** | 3.1.1-1 Донесување на подзаконски акт кој произлегува од законот за постапување и евиденција на имот | **АУОИ** | I Квартал 2026 | I Квартал 2026 | 0 | Буџет | **Показател на резултат:**<br>Степен на воспоставена правната рамка која ќе обезбеди ефикасна имплементација на Законот за управување со конфискуван имот, имотна корист и одземени предмети во кривична и прекршочна постапка |
| | 3.1.1-2 Донесување на Правилник за постапување со електронски отпад. | | II Квартал 2026 | II Квартал 2026 | 0 | Буџет | |
| | 3.1.1-3 Донесување на акт за сметководствени политики | | I квартал 2026 | II квартал 2026 | 0 | Буџет | |
| | 3.1.1-4 Донесување на нов акт за систематизација на работните места во Агенцијата | МИОА | I Квартал 2026 | I Квартал 2026 | 30 000 | Буџет /донации | |
| | 3.1.1-5 Организирање и спроведување на обуки, работилници, семинари за одредбите од новиот Закон за | АСЈО<br>АУОИ<br>ЈОРСМ | I Квартал 2026 | IV квартал 2026 | 30.000 | Буџет /донации | |

| | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | управување со конфискуван имот, имотна корист и одземен предмети во кривична и прекршочна постапка | УФП<br>ЦУ,<br>УЈП,<br>МВР,<br>ДП,<br>Судови<br>Општини<br>Банкарски сектор и др.<br>Релевантни институции | | | | | |
| **3.1.2 Кадровско зајакнување и техничко опремување на АУОИ** | 3.1.2-1 Вработување на потребниот број на административни службеници ,технички персонал и други вработени и ангажирани лица | МФ<br>АУОИ | I Квартал 2026 | IV Квартал 2026 | **4.000.000** | Буџет/МФ | **<u>Показател на резултат</u>:**<br>% на пополнети работни места во однос на систематизирани |
| | 3.1.2-2 Спроведување на обуки на персоналот на АУОИ за најдобрите пракси за управување со одземениот имот | АСЈО | I Квартал 2026 | IV Квартал 2026 | | Буџет<br>Донаторска поддршка | |
| | 3.1.2-3 Материјално-техничко опремување на просториите на АУОИ, како и информатичка опрема | АУОИ | I Квартал 2026 | III Квартал 2026 | **600.000** | Буџет/ 7 % од остварен приход | |
| | 3.1.2-4 Набавка на техничка опрема за складирање, чување и одржување на имотот , - видео надзор на магацините | АУОИ | I Квартал 2026 | IV Квартал 2026 | **900.000** | Буџет/ 7 % од остварен приход /поддршка од донации | Степен на набавена материјално техничка опрема која е ставена во функција |

| | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **3.1.3 Воспоставување на електронскиот регистар за одземен имот** | 3.1.3-1 Обезбедување финансиски средства за набавка и инсталација на електронскиот регистар<br><br>3.1.3-2 Изготвување на техничка спецификација и набавка за софтверското решение со следните ставки: автономен/сопствен централизиран менаџмент систем; сопствена база на податоци; можност за идна конекција со системите на другите институции преку платформата за интероперабилност преку дефинирање и развивање на API-а и web сервиси; веб страна; веб апликација за online јавно надавање/систем на продажба<br><br>3.1.3-3 Донесување на подзаконски акт за е - регистар<br><br>3.1.3-4 Инсталација на софтверското решение | Министертсво за дигитална трансформација | I квартал 2026<br><br>I Квартал 2026<br><br>III квартал 2026<br><br>III квартал 2026 | IIквартал 2026<br><br>II Квартал 2026<br><br>IV квартал 2026<br><br>IV квартал 2026 | **4.000.000** | МФ,<br>Влада на РСМ<br><br>Буџет/ 7 % од оставрен приход<br><br>МФ,<br>Влада на РСМ,<br><br>Донаторска поддршка | <u>**Показател на резултат:**</u><br><br>Степен на воспоставување на електронски регистар за одземениот имот |

| | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | 3.1.3-5 Обука на вработените за користење на електронскиот регистар | | | | | | |
| **3.1.4 Обезбедување пристап до базите на податоци на другите институции** | 3.1.4-1 Склучување на меморандуми за соработка со други институции со кои ќе се уреди начинот на размена на податоци<br><br>3.1.4-2 Операционализација на потпишаните меморандуми/договори<br><br>3.1.4-3 Обука на вработените во АУОИ за користење на платформата за интероперабилност<br><br>3.1.4-4 Анализа на потребите на склучување на нови договори за електронска размена на податоци | АУОИ<br>АКН<br>ЦР<br>ЦДХВ<br>КБ<br>АВРСМ<br>УМК<br>МВР<br>Судови<br>ЈОРСМ<br>АРО<br>ЦУ<br>УФП<br>УФР<br>БСВ | II Квартал 2026<br><br>II Квартал 2026 | IV Квартал 2026<br><br>IV Квартал 2026 | | МИОА/ Донаторска поддршка | <u>**Показател на резултат:**</u><br><br>бројот на операционализирани меморандуми/договори за пристап до базите на другите институции |
| **3.1.5 Подобрување на просторните капацитети за чување на одземениот имот** | 3.1.5-1 Функционална анализа на состојбата со складиштата и чување на одземениот имот<br><br>3.1.5-2 Донесување на План за унапредување на просторните капацитети за чување на одземениот имот | АУОИ | I Квартал 2026<br><br>II Квартал 2026<br><br>III Квартал 2026 | IV Квартал 2026<br><br>IV Квартал 2026<br><br>IV Квартал 2026 | | **МФ/ Донаторска поддршка**<br><br>**МФ/Донаторска поддршка** | <u>**Показател на резултат:**</u><br>Степен на подобрување на просторни капацитети за чување на одземениот имот согласно ЕУ стандардите |

| | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | 3.1.5-3 Обезбедување финансиски средства за имплементација | | | | 350.000.000 | **МФ/Буџет** | |
| | 3.1.5-4 Идеен план и Изградба на магацински простор согласно ЕУ стандардите за складирање и чување на одземениот и конфискуван имот по вид и количина, кој ќе вклучува и:<br>- паркинг плац и гаражи за возила<br>- просторни услови и услови за работа во магацините | | IV Квартал 2026 | IV квартал 2026 | 1.500.000 | БУЏЕТ на АУОИ/<br>7% од вредноста на остварениот приход од секоја продажба на одземениот и конфискуван имот<br>Министерство за транспорт и врски | |
| | 3.1.5-5 Склучување договори со трети страни за складирање на специфични одземени предмети | | I Квартал 2026 | IV Квартал 2026 | 1.000.000 | БУЏЕТ на АУОИ/<br>7% од вредноста на остварениот приход од секоја продажба на одземениот и конфискуван имот | |
| **3.1.6 Унапредување на меѓу ресорската координација** | 3.1.6-1 Формирање на меѓу ресорска работна група на експерти | АУОИ<br>ЈОРСМ<br>АРО<br>МВР<br>ЦУ<br>УФП<br>МП | I Квартал 2026 | IV Квартал 2026 | Не се потребни дополнителни финансиски средства | | **<u>Показатели на резултат:</u>**<br><br>Број на извештаи од одржани координативни состаноци на меѓуресорската работна група |

| | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | 3.1.6-2 одржување на редовни квартални координативни состаноци | Суд | | | | | |
| | 3.1.6-3 Склучување на протоколи/договори за соработка во постапка со одземени предмети во прекршочна, кривична и управна постапка | ЈОРСМ/АРО<br>МВР<br>МО<br>НБРСМ<br>ДЗС | I Квартал 2026 | IV Квартал 2026 | | Буџет/донаторска поддршка | |
| **3.1.7 Интензивирање на меѓународната соработка** | 3.1.7-1 Вклученост во меѓународни мрежи за управување со одземен имот (BAMIN и други меѓународни иницијативи и проекти) | АУОИ | I Квартал 2026 | IV Квартал 2026 | **100.000** | Буџет,<br>Донаторска поддршка | <u>**Показател на резултат:**</u> извештаи од одржани состаноци во рамки на меѓународните мрежи за управување со одземен имот и меѓународни иницијативи |
| | 3.1.7-2 Склучување на договори за заемна соработка со надлежните институции за управување со одземен и конфискуван имот во странство | АУОИ | I Квартал 2026 | IV Квартал 2026 | | Донаторска поддршка | Број на склучени договори за заемна соработка со надлежни институции за управување со одземен и конфискуван имот во странство<br>Број на реализирани предмети за управување или продажба на конфискуван имот со прекугранична природа |

| | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **3.1.8 Обезбедување поголема транспарентност во работата на АУОИ** | 3.1.8-1 Објавување на годишните извештаи за работа на АУОИ на веб страна<br><br>3.1.8-2 Објави на социјални мрежи за прашања од делокруг на АУОИ<br><br>3.1.8-3 Пристап до електронскиот регистар за одземен имот | | I Квартал 2026<br><br>I Квартал 2026<br><br>IV Квартал 2026 | IV Квартал 2026<br><br>IV Квартал 2026<br><br>IV Квартал 2026 | **100.000**<br><br>**не се потребни** | Буџет | **Показател на резултат:** бројот на објавени извештаи од делокруг на АУОИ<br>транспарентно објавени податоци за одземениот и конфискуваниот имот |
| **Посебна цел 3.2:**<br>**Унапредување на механизмот за користење на одземениот и конфискуван имот за социјални цели** | | | | **Показател на исход:**<br>**Број/количина на имот употребен за социјална пренамена** | | | |
| **3.2.1 воспоставување на механизмот за социјална пренамена на конфискуваниот нелегално стекнат имот** | 3.2.1-1 Воспоставување на механизам за социјална реупотреба на одземени недвижности на жртви од насилство или пренамена со прокетна поддршка за општествени цели | АУОИ/ МП | I Квартал 2026 | I Квартал 2026 | | Донаторска поддршка | **Показател на резултат:** |
| **3.2.2. Подигнување на свеста за важноста на овој механизам за социјалните потреби на граѓаните** | 3.2.2-1 Организирање на работилници, семинари со претставници со граѓанскиот сектор и другите институции за социјална пренамена на одземениот и конфискуван имот | АУОИ | I Квартал 2026 | IV Квартал 2026 | **100.000** | Буџет | **Показател на резултат:** Број на организирани работилници |
| 3.2.3 Спроведување на постапка за уништување: | **3.2.3-1 Спроведување на постапка за уништување на разна стока** | АУОИ | I Квартал 2026<br><br>**III Квартал 2026** | II Квартал 2026<br><br>**IV Квартал 2026** | **1.000.000** | Буџет на АУОИ | **Број на спроведени донесени Одлука за уништување и** |

| | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | | | | спроведување на одлуката |
| **3.2.4 Спроведување на постапка за донација и отстапување:** | 3.2.4-1 **Спроведување на постапка** за донација и отстапување **на разна стока** | АУОИ | I Квартал 2026<br>**III Квартал 2026** | II Квартал 2026<br>IV **Квартал 2026** | **Не се потребни** | | **Број на Донесени Одлука за отстапување и спроведување на одлуката** |
| 3.2.5 **Расчистување на конфискуваниот имот врз кој има воспоставено хипотеки** | 3.2.5-1 Расчистување на конфискуваниот имот врз кој има воспоставено хипотека УЈП<br>3.2.5-2 Расчистување на конфискуваниот имот врз кој имаат воспоставено хипотека Комерцијалните банки | АУОИ | I Квартал 2026<br>**III Квартал 2026** | II Квартал 2026<br>IV **Квартал 2026** | **Не с епотребни** | | **Показател на резултат:**<br>Чисти имотни листови и започнување на постапка за нивна продажба |

Арх.бр. 01-3575/1 од 19.08.2025 година

Изготвил: Арита Хаџиева

Директор
на Агенција за управување со одземен имот
Ирена Илиевска

ВЛАДА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

АГЕНЦИЈА ЗА УПРАВУВАЊЕ СО ОДЗЕМЕН ИМОТ

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА - REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
АГЕНЦИЈА ЗА УПРАВУВАЊЕ СО ОДЗЕМЕН ИМОТ
AGJENSIONI PËR ADMINISTRIM ME PRONËN E KONFISKUAR
Бр.-Nr 01-3575/1
19.08. 2025 год.-viti
СКОПЈЕ - SHKUP

# РЕВИДИРАН ФИНАНСИСКИ ПЛАН 2026

АВГУСТ 2026, СКОПЈЕ

**РЕВИДИРАН ФИНАНСИСКИ ПЛАН ЗА 2026**

Во согласност со член 8 од Законот за управување со конфискуван имот, имотна корист и одземени предмети во кривична и прекршочна постапка (*Службен весник на РСМ бр. 64/2024, 37/25, 86/25, 101/25 и 135/25*), Агенцијата за управување со одземен имот го изготви **ПРЕДЛОГ ПЛАНОТ ЗА РАБОТА за 2026 година**, кој вклучува и **Акциски план**. Овој план е доставен до Секторот за финансиски прашања на Агенцијата за понатамошно разгледување и усогласување.

По спроведеното финансиско ревидирање на предложениот **План за работа за 2026 година**, вклучувајќи го прилогот **Акциски план**, Секторот за финансиски прашања изготви и усвои **Образец Б1 - Финансиски план** – проекција на приходи и расходи за 2026 година, кој обезбедува јасна слика за планираните финансиските текови во текот на годината. Финансискиот план е усогласен со стратегиите на Агенцијата и законските регулативи, и како таков претставува составен дел на целокупната документација.

Планот за работа за 2026 година и поврзаниот финансиски план имаат за цел да обезбедат ефикасно управување со одземениот имот, да се поддржи процесот на конфискација и праведна распределба на конфискуваните средства, како и да се осигураат потребните средства за тековното функционирање на Агенцијата. Во оваа насока, сите активности и финансиски реализации ќе се вршат во согласност со актуелните законски рамки, со цел да се осигура целосна транспарентност и отчетност.

Сектор за финансиски прашања

Јаготка Богоевска

**Образец Б 1**

## ФИНАНСИСКИ ПЛАН - Проекција на приходи и расходи за 2026 година

| | | | |
|---|---|---|---|
| Име на буџетска/владина програма | Агенција за управување со одземен имот<br>Управување, располагање, давање и продавање на одземени предмети и ствари во кривична и прекршочна постапка. | Ознака на буџетска/владина програма | 20 |
| Име на буџетска/владина/развојна потпрограма | | Ознака на буџетска/владина/развојна потпрограма | |

| Приходна потставка | Опис | ПРОЕКЦИЈА ЗА 2025 ГОДИНА<br>Приходи од органи (631) | Приходи од самофинансирачки активности (787/788) | Приходи од донации (785) | Приходи од заеми (786) |
|---|---|---|---|---|---|
| | **Приходи** | | | | |
| | 7% од продажба на конфискуван движен и недвижен имот | | 36.400.000 | | |
| | закупнина од објекти во државна сопственост | | | | |
| | неданочни приходи од задржан депозит | | | | |
| | | | | | |
| | | | | | |
| | | | | | |
| | | | | | |
| | | | | | |
| | | | | | |
| | | | | | |
| | | | | | |
| | Вкупно приходи со пренесено салдо од тековната година | | | | |

Детално образложение за основот по кој се остваруваат приходите

* Планираниот износ на пренесеното салдо од тековната година да биде вклучен во приходната табела на соодветното приходно конто (741114) .

| Расходна ставка | Опис | ПРОЕКЦИЈА ЗА 2025 ГОДИНА | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | Буџет (637) | Расходи од приходи од органи (631) | Расходи од самофинансирачки активности (787/788) | Расходи од донации (785) | Расходи од заеми (786) |
| | **Расходи** | 40.746.000 | | 36.400.000 | | |
| | Вкупно расходи | 40.746.000 | 0 | 36.400.000 | 0 | 0 |
| **40** | **Плати и надоместоци** | 30.800.000 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| 401 | Основни плати | 22100000 | | | | |
| 402 | Придонеси за социјално осигурување | 8.000.000 | | | | |
| 403 | Останати придонеси од плати | | | | | |
| 404 | Надоместоци | 700000 | | | | |
| **41** | **Резерви и недефинирани расходи** | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| 411 | Финансирање на нови програми и потпрограми | | | | | |
| 412 | Постојана резерва (непредвидливи расходи) | | | | | |
| 413 | Тековни резерви (разновидни расходи) | | | | | |
| 414 | Резерви за капитални расходи | | | | | |
| **42** | **Стоки и услуги** | 8.746.000 | 0 | 15.900.000 | 0 | 0 |
| 420 | Патни и дневни расходи | 300.000 | | 1000000 | | |
| 421 | Комунални услуги, греење, комуникација и транспорт | 4446000 | | 5000000 | | |
| 423 | Материјали и ситен инвентар | 300000 | | 500000 | | |
| 424 | Поправки и тековно одржување | 700000 | | 1700000 | | |
| 425 | Договорни услуги | 2000000 | | 4000000 | | |
| 426 | Други тековни расходи | 1.000.000 | | 3700000 | | |
| 427 | Привремени вработувања | | | | | |
| **43** | **Тековни трансфери до вонбуџетските фондови** | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| 431 | Трансфери до Фондот за ПИОМ | | | | | |
| 432 | Трансфери до Агенцијата за вработување | | | | | |
| 433 | Трансфери до Фондот за здравствено осигурување | | | | | |
| **44** | **Тековни трансфери до единиците на локалната самоуправа** | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| 441 | Дотации од ДДВ | | | | | |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 442 | Наменски дотации | | | | | |
| 443 | Блок дотации | | | | | |
| 444 | Дотации за делегирани одделни надлежности | | | | | |
| **45** | **Каматни плаќања** | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| 451 | Каматни плаќања кон нерезиденти кредитори | | | | | |
| 452 | Каматни плаќања кон домашни кредитори | | | | | |
| 453 | Каматни плаќања кон други нивоа на власт | | | | | |
| **46** | **Субвенции и трансфери** | 1200000 | 0 | 2000000 | 0 | 0 |
| 461 | Субвенции за јавни претпријатија | | | | | |
| 462 | Субвенции за приватни претпријатија | | | | | |
| 463 | Трансфери до невладини организации | | | | | |
| 464 | Разни трансфери | 1200000 | | 2000000 | | |
| 465 | Исплата по извршни исправи | | | | | |
| **47** | **Социјални бенефиции** | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| 471 | Социјални надоместоци | | | | | |
| 472 | Плаќања на бенефиции од Фондот за ПИОМ | | | | | |
| 473 | Плаќања на надоместоци од Агенцијата за вработување | | | | | |
| 474 | Плаќања на надоместоци од Фондот за здравствено осигурување | | | | | |
| **48** | **Капитални расходи** | | 0 | 18.500.000 | 0 | 0 |
| 480 | Купување на опрема и машини | | | 1500000 | | |
| 481 | Градежни објекти | | | | | |
| 482 | Други градежни објекти | | | 13000000 | | |
| 483 | Купување на мебел | | | | | |
| 484 | Стратешки стоки и други резерви | | | | | |
| 485 | Вложувања и нефинансиски средства | | | 4000000 | | |
| 486 | Купување на возила | | | | | |
| 487 | Капитални трансфери до вонбуџетски фодови | | | | | |
| 488 | Капитални дотации до ЕЛС | | | | | |
| 489 | Капитални субвенции за претпријатија и невладини организации | | | | | |
| **49** | **Отплата на главнина** | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| 491 | Отплата на главнина до нерезидентни кредитори | | | | | |
| 492 | Отплата на главнина кон домашни институции | | | | | |
| 493 | Отплата на главнина до други нивоа на власт | | | | | |